Архивски број: 08 - 172/3
30-03-2023 година

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-172/1 од 14.02.2023 година, поднесена од Здружението на граѓани за промоција, издавање, иницијативи и меѓународна соработка ДЕЛО Скопје, застапувано од Скопје, преку полномошник – адвокат Скопје против – политичар од Скопје, за извршена дискриминација по основ на етничка припадност во областа јавно информирање и медиуми преку социјалната мрежа „Фејсбук", Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр.258/2020) на 30.03.2023 година го донесе следново

# МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на етничка припадност во областа јавно информирање и медиуми, извршена од – политичар од Скопје, кон граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска самосвест.

## Образложение

На 14.02.2023 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка за заштита од дискриминација од Здружението на граѓани за промоција, издавање, иницијативи и меѓународна соработка ДЕЛО Скопје, застапувано од од Скопје, преку полномошник – адвокат од Скопје против – политичар од Скопје, за извршена дискриминација по основ на етничка припадност во областа јавно информирање и медиуми преку социјалната мрежа „Фејсбук" кон граѓаните на РС Македонија со бугарска самосвест.

Согласно наводите содржани во претставката, лицето за кого наведуваат дека е политичар, на ден одина, на сопствената фан страна на социјалната мрежа „Фејсбук" објавил повеќе приказни (stories) и објави со следната содржина:

1. ПРАВО НА САМООДБРАНА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО СОПСТВЕНА ДРЖАВА!!!!
   „Почитувани македонски граѓани,
   почитувани охриѓани,

во мое лично име и во име на нашата партија го поздравуваме правото на самоодбрана на Македонците во сопствена држава Македонија, согласно највисоките ЕУ стандарди од нападите на личноти кои се користат со екстремен говор на омраза и екстремен историски негаторизам што е казниво во рамки на ЕУ!
Ја повикувме Владата на Македонија итно и неодложно да ги спроведе најновите насоки на Совет на Европа и да воспостави кривично дело „историски негаторизам" во Македонија!
Така нема да има потреба етничките Македонци да се самоорганизираме во смоодбранбени **активности**, каков што е случајот во Охрид!
НИКОЈ нема прво да негира постоење на Македонци, да **префарбува** македонска историја со туѓи етнички пропагандистички бои, најмалку да ја навредува честа на нашата СВЕТА МПЦ-ОА и нашата МАЈКА МАКЕДОНИЈА!
Кој ќе се служи со таков говор на омраза и екстремен историски негаторизам, а не е казнет од власта, **треба да биде казнет од народот**![1]
Не ме интересира дали станува збор за српски клупчиња како онаа трагикомичната „спона", дали станува збор за бугарски клупчиња како тоа „борче трети" или разни „илирски" **фашизоидни балистички испади!** КРАЈ!
Тоа е елементарно право на самоодбрана на сите народи во светот па и на македонскиот народ!
ДОВОЛНО БЕШЕ ТОРТУРА ВРЗ МАКЕДОНЦИТЕ!
Го повикувам МВР и ОЈО итно да преземат мерки против **избугарените шовинисти**, кои се служат со екстремен говор на омраза и историски негаторизам, со што го провоцираат мирниот македонски граѓанин, го понижуваат и потценуваат, го толчат и дотолчуваат, со што предизвикуваат инциденти како последниот во Охрид.
Го осудувам насилството врз Македонците кое создава реакција во самоодбрана, како основно човеково право на секој еден човек на планетава!"

2. „Канцеларијата на ЕУ во Скопје, **загрижена за избугарениот дилер од Охрид**...
   После курле е крив што Путкин има 70% рејтинг во Македонија и не можеме на крај да излеземе со лудилото!
   Ако продолжите вака, сите ЕУ фундаменталисcти како мене ќе нè разочарате неповратно!
   Ама вие си знаете"
   *Во прилог со фотографија од скршено знаме од ЕУ.[2]*

3. „ЕВРОПЕЈСКА САРАДЊА

[1] Овие содржини се болдирани од страна на подносителите (заб.на КСЗД)
[2] Оваа забелешка ја пишуваат подносителите (заб.на КСЗД)

ВЛАДАТА дозволи со бугарски авион да избега дилер, кој во моментот кога бил пуштен н граничен премин/аеродром Охрид бил под кривичен прогон за нелегална трговија со дрога и не смеел да ја напушти земјава!!!!
**БУГАРИЈА шверцува дилер со цел да го заштити од прогон за нелегална трговија со дрога, зашто бил избугарена шупелка!**
Дали е ова тој „европејски“ начин на соработка помеѓу двете земји, по муртинско-грчец стандарди?!?
Ич да не се чудите за Онишченко!
Еден ден и Кадиров ќе дојде министер во европејската ни влада!“

4. БРЕЕЕЕЈ Радев ќе им плачел на сите претседатели и премиери од ЕУ, **за нашлаканиот наркоман од О“рид море!**[3]
Пазете го, да не се јави шефот му Путкин!
После кој ќе е расправа со домашниве радево путкиновци!

5. На Бугарија никако да и тргне со секретариве!
Тој демек секретарот на клубчето во Битола го нашлака жената, и се заканувал со киднапирање на ќерката и пренесување во Бугарија... НОТА за тепан бугарин беше реакцијата!
**Овој демек секретар на клубчето во Охрид го нашлк дечките на кои сакал да им дила кока на „бугарски“ Водици**... НОТА за тепан бугарин беше реакцијата!
**Јас мислам дека во БГ влада треба да си побараат НОТА за психијатриска помош!**
Ама тие си знаат!
Светот се смее!

6. **„БУГАРИЈА ГО ЕВАКУИРАШЕ НАРКОМАНОТ**, кој кркал бело без да плати!
Е сега, како тоа Бујар Османов докажа дека јадел ќотек, **зашто е избугарен**?!?
**Не знаев дека кокатa има етничка припадност!**
**Бугарија го проби дното!**

Во врска со погоре цитираните објави, во форма на „Фејсбук-приказни“ (Stories), подносителот ја потенцира својата ***згрозеност од фашизоидниот и ксенофобичен вокабулар на*** ***насочен кон бугарскиот народ и држава***,(цитат), користејќи го настанот кога на 19.01.2023 во Охрид беше претепан поради ***неговата бугарска самосвест***. (цитат), а во делот каде напишал ***„фашизоидни балисти“*** го вознемирил и ***албанскиот народ во Р.С.Македонија*** (цитат).
Следна спорна објава на Богојески подносителот ја наведуваа онаа од година, каде ја објавил следната содржина:
„Искрено ќе бидам разочаран доколку Бугарија не испрати авион за евакуација на госпожава од оваа лоша Македонија!

[3] Овие содржини се болдирани од страна на подносителите (заб.на КСЗД)

ОСОБЕНО разочаран доколку господин Османов не ја посети во локалниот клуб во Софија! Јзк!"

Подносителот потенцира дека ова е во врска со содржина објавена на порталот наслов „ВОНРЕДНИ вести: **НАПАТЕНА БУГАРКА итно се евакуира со бугарски сухои од Македонија**[4]

Во продолжението на претставката, подносителите ги посочуваат и следниве објави на сопствената фан страна на објвени на одинана социјалната мрежа „Фејсбук":

1. **„ПОВЛЕКУВАЊЕТО на бугарскиот амбасадор тешко ќе го погоди „кафанскиот" сектор во земјава!"**

2. СДСМ – (бс – бугарска цекција) сее дел од тиранскиот план за **албанско ропство во Македонија!**
   Почитувани членови на СДСМ,
   Помеѓу вас има низа чесни луѓе, домаќини, патриоти Македонци,
   Ве повикувам да не бидете дел од пеколниот план на СДСМ (бс) за **ново вековно албанско ропство во земјава!**
   **Албанските елити не предадоа на бугарските интереси!** [5]Албанските чесни граѓани, кои ја сакаат Македонија како секој еден од нас, ќе ни се приклучат во борбата за вистински суверена и слободна Македонија!
   Исто како за ИЛИНДЕН, исто како во Крушевската Република, онака како што налага Крушевскиот манифест, Македонија е мајка на сите нас, да се обединиме и да не дозволиме нови страдања на нашите граѓани!"

   Подносителот на претставката, на крај, ја посочува и објавата на на порталот со наслов: „ОСМАНИ е руски играч, во негов мандат се најлошите МК-БГ односи"

   Согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 15.02.2023 година испрати Барање за произнесување по наводите соржани во претставката бр. 008-172/2 до на адресата што ја навел подносителот, со барање лицето да се изјасни во рок од 15 дена од приемот на барањето. Видно поштенската повратница за врачување на пратката, Комисијата констатираше дека лицето ја примило препорачаната поштенска пратка на 17.02.2023 година, но со оглед дека до Комисијата не е пристигнат

[4] https://mkdenes.mk/post27196/
[5] Овие содржини се болдирани од страна на подносителите (заб.на КСЗД)

писмен одговор по барањето, утврди дека ,бил да го користи своето право за произнесување по претставката.

Заради горнаведеното, , Комисијата одлучи да се произнесе по наводите содржани во поднесената претставка и при своето постапување ги зема во предвид релевантната меѓународна и национална правна рамка во однос на слободата на говорот и изразување и вознемирувањето како вид на дискриминација.

Имено, својата одлука Комисијата ја заснова врз следниве начела и принципи:

**Прво,** Уставот на Република Северна Македонија во членот 8 ги потенцира темелните вредности на уставниот поредок, започнувајќи со основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот, слободното изразување на националната припадност и владеењето на правото. Членот 16 од Уставот ја гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, како и слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање.

**Второ,** Европската конвенција за заштита на човековите права, во членот 9 , став 1, се потенцира дека: „*Секој човек има право на слобода на мислите, совеста и верата. Ова право ја вклучува и слободата на промена на верата и убедувањето, како и слободата за изразувањње на својата вера или убедување...*"Членот 10 пак ја гарантира слобдата на изразување: „*Секој човек има право на слобода на изразувањето. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите...*"[6]

Имено, *при толкување на член 10 од Конвенцијата, Судот одлучил дека „слободата на изразување сочинува една од суштинските основи на [демократското] општество, еден од основните услови за неговиот напредок и за развојот на секој човек". Судот во неколку наврати ја нагласил важноста на овој член, кој не се применува само за „информации" или „идеи" што се поволно примени или се сметаат за ненавредливи или за прашање на рамнодушност, туку и за оние што навредуваат, шокираат или вознемируваат; такви се барањата за плурализам, толеранција и слободоумие без кои нема „демократско општество".*[7]

Ограничувањето на слободата на изразување доколку е предвидена во закон, може да се однесува на причините наведени во став 2 од член 10 од Европската конвенција за човекови права кои се: државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштита на редот и спречување на нереди и злосторства, заштитата на здравјето и моралот, угледот и правата на другите за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.[8]

**Трето**, во Универзалната декларација за човековите права на ООН, членот 19 гласи: „*Секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат,*

---

[6] https://www.echr.coe.int/documents/convention_mkd.pdf

[7] https://www.osce.org/files/f/documents/1/a/524610.pdf, стр.8

[8] https://www.osce.org/files/f/documents/e/8/116610.pdf

*да се примаат и да се даваат информации и идеи преку медиумите и без оглед на границите.*[9]

**Четврто**, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права во членот 19, став 1 и став 2 гласат: *1. Никој не може да биде вознемируван поради своите мислења. 2. Секое лице има право на слобода на изразувањето. Ова право, без оглед на границите, ја подразбира слободата на изноаѓање, примање и ширење на информации и идеи од сите видови во усмена, писмена, печатена или уметничка форма, или на кој и да е начин по слободен избор.*[10]

**Петто**, член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација предвидува дека вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Имајќи ги во предвид претходнопосочените правни рамки и европските и светските стандарди, Комисијата се впушти во анализа на содржината на објавите, објавени на фан страницата на социјалната мрежа „Фејсбук" од страна на потенцијалниот дискриминатор. Во овој контекст, Комисијата констатира дека објавитес е засновани на негово лично убедување и политички ставови, со оглед дека самиот се претствува како на политичка партија ! r, која има своја страница на „Фејсбук' каде во претставувањето на своите политички цели наведено е следното:
" " политичка партија на народот, од уникатен карактер со идеолошка и организациона форма.

Нашата платформа за промоција на иновативни идеи и решенија, на база на граѓански активизам. Во таа платформа може свое учество да земат политички партии, здруженија и организации, граѓани, без разлика на етнички, верски, политички или било кој друг идентитет го носат во себе.

Основна цел за постигнување е просперитетна и бескомпромисно интегрирана, домашно и меѓународно, граѓанска држава и нација на богати граѓани, кои ќе живеат

---

9 https://www.healthrights.mk/pdf/Pravnici/Megjunarodni%20dokumenti%20i%20mehanizmi%20za%20zastita%20na%20covekovite%20prava/%D0%9EN/1%20-%20%D0%A3%D0%BD%D0%B8%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%B7%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0%20%D0%B4%D0%B5%D0%BA%D0%BB%D0%B0%D1%80%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0%20%20%D0%B7%D0%B0%20%D1%87%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D1%82%D0%B5%20%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B0.pdf

10 https://www.healthrights.mk/pdf/Pravnici/Megjunarodni%20dokumenti%20i%20mehanizmi%20za%20zastita%20na%20covekovite%20prava/%D0%9EN/2%20-%20%D0%9C%D0%B5%D1%93%D1%83%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BD%20%D0%BF%D0%B0%D0%BA%D1%82%20%D0%B7%D0%B0%20%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%93%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5%20%D0%B8%20%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5%20%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%B0%20%D0%BD%D0%B0%20%D1%87%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D0%BA%D0%BE%D1%82%20%D0%B8%20%D0%B3%D1%80%D0%B0%D1%93%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%BD%D0%BE%D1%82.pdf

во фер општество во кое ќе има шанса за секого и во кое ќе царуваат правото и безбедноста. На крај од нашата мисија треба да создадеме „жива Македонија", а тоа е држава полна со млади луѓе, на кои во наследство ќе им оставиме три работи – држава, слобода и пари!
Поаѓаме од идеалот на револуцијата „Македонија на Македонците". Под „Македонци" ги подразбираме сите граѓани на македонската Република, кои искрено и недвосмислено ја поддржуваме нејзината државност. Сите ние сме дел од современата државотворна македонска нација.

Во однос на втората група објави поврзани со коментари и начин на однесувања на македонски и албански политичари, дел од актуелната владеачка структура, како и на бугарски политичари, секој граѓанин има право да изразува мислење за било кој носител на јавна функција се` додека не го злоупотреби тоа право за да наштети на индивидуата или поголема група граѓани. Во овој случај, кога потенцијалниот дикриминатор говори за „албански елити" воопшто не упатува дека намерата му е наочена кон граѓаните на Македонија од албнската етничка заедница, туку напротив, истите ги издвојува од група кон која ја упатува пораката. Во оваа смисла, потенцијалниот дискриминатор користи  иронија/сарказам како стилско изразно средство и сатира како книжевна форма со која се критикува исмејува личност, група, држава или власт. Сатирата се користи како средство на политичките борби и ги разобличува општествените недостатоци, политичките страсти, човечките себичности, непромислености, мани, а со потсмев на духовит начин критикува, опоменува и казнува. Анализирајќи ја содржината во оваа група објави, Комисијата смета дека истите не можат да се подведат во однос на вознемирување врз дискриминаторска основа (заштитна карактеристика) туку објавите можат да се сметаат како индивидуална навреда/клевета кон одредени политичари што е предмет на уредување на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Следствено, подносителот на претставката нема активна легитимација да поднесува претставка за индивидуални лица без нивна согласност а доколку овие лица сметаат дека се навредени/наклеветени, тогаш Комисијата нема законска надлежност да постапува по истите. Дополнително во овој контекст, потенцијалниот дискриминатор се изразува со стилски изразувања проследена со недолични зборови, но сепак, Комисијата го цени фактот што слободата на изразување го дозволува тоа.

За политичкото изразување во контекст за слободата на изразување добар пример е пресудата во случајот Еон против Франција 28. Жалителот Ерв Еон е државјанин на Франција кој во 2008 за време на посетата на Претседателот на Франција, Николас Саркози на Лавал, истакнал мал плакат на кој пишувало „губи се, ти мал недоделкан". Оваа фраза, практично, била истата фраза која неколку месеци порано ја употребил Саркози, кога при посетата на еден саем за земјоделски производи, еден земјоделец одбил да се ракува со него. На 6 ноември истата година, Судот од виша инстанца во Лавал го огласил за виновен Еон за навреда на Претседателот на Републиката согласно член 30 од Законот за печатот од 29 јули 1881 г. и го казнил со парична казна од 30 евра, која подоцна била укината. Судот пресудил дека Франција е одговорна за повреда на член 10 од Конвенцијата и пресудил дека

фактот што Франција е прогласена за одговорна е доволен правичен надоместок за нематеријалната штета која ја претрпел жалителот. Тежиштето на расправата во Судот бил „балансот кој треба да биде поставен меѓу ограничувањето на слободата на изразување и правото на слободна дискусија на работите од јавен интерес". Во таа смисла, Судот заклучил дека „фразата употребена од жалителот не била насочена кон приватната чест...ниту пак означува личен напад од голем размер кон Претседателот". Судот заклучил дека „вербалниот напад" во својата суштина бил од политичка природа и дека можни ограничувања на политичките дискусии, според член 10 од Конвенцијата, се многу ретки. Понатаму, Судот заклучил дека фактот што фразата којашто била употребена од страна на Еон, го привлекла медиумското внимание, а истата била пренесена на сатиричен начин, јасно укажува дека „вербалниот напад" во овој случај може да се третира како политичка сатира. Политичката сатира, во својата суштина, ја има целта да провоцира и исмева. Така, според Судот, прогласувањето за виновен на Еон може да има негативен ефект кон „сатирата како начин за дискусија на работите од јавен интерес", а таквиот тип на дискусија е фундамент на секое демократско општество. Во таа смисла Судот заклучил дека „изречената кривична санкција за Еон е непропорционална кон целта која е пропишана со членот 10, и во таа смисла е непотребна во едно демократско општество".

Имено, како што е наведено погоре, правната рамка го дозволува слободното изразување и мисла се` додека е во границите на тоа слободата да не се злоупотреби во цели за нарушување на државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштита на редот и спречување на нереди и злосторства, заштитата на здравјето и моралот, угледот и правата на другите за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството. Во конкретниов случај Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека слободата на изразување не е злоупотребено од страна на потенцијалниот дискриминатор во однос на постигнување на горенаведените негативни цели кои во тој случај би значело ограничување на слободата на изразување. Следствено, постои легитимна цел преку која слободата на изразување се употребува во јавниот дискурс на македонското општество преку кое може да се формира одредено јавно мислење или да придонесе кон општествена дебата по различни прашања.

Дополнително, при разгледувањето на сите објави на осочени од страна на подносителите, Комисијата го зеде предвид фактот дека истите се објавени на „Фејсбук" во формат тнр. приказна (story) – содржина која самата исчезнува 24 часа по објавувањето, со што се лимитира опсегот на лица што можат да ја проследат, но и временскиот период во кој опстојувале како јавни објави.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при разгледување на претставката, достапните докази, утврди дека не можат да се најдат факти за извршено вознемирување врз основ на национална или етничка припадност во конкретниот случај. Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

заштита од дискриминација, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

1. Здружение ДЕЛО Скопје, Александра Николова, Бул.12-та Македонска Бригада бр.79А, 1000 Скопје
2. копје
3. Архива на КСЗД